
ТИМ
ЕКО
ГИРОВ
ДРАМИЌАНИН
Трета епизода:
ТОКСИЧЕН
ШОК!
ЕКО свест

Издавач:
Центар за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“ – Скопје

Адреса:
ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 30/1-6, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Телефон: +389 2 3217 247
Факс: +389 2 3217 246
е-пошта: info@ekosvest.com.mk
www.ekosvest.com.mk

Извршна директорка:
Ана Чоловиќ Лешоска

Уредник:
Ана Чоловиќ Лешоска

Автори:
Здравко Гиров
Давор Драмиќанин

Илустратор:
Здравко Гиров

Лектор:
Стефан Радуловиќ

Печати:
Европа 92 ДООЕЛ; ул. „Крижевска“ бр. 52, П.Ф. 72,
2300 Кочани, Р. С. Македонија

Година на издавање и печатење: 2025

Тираж: 500 примероци

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

769.9:577.4(497.7)

ГИРОВ, Здравко
Тим еко / Здравко Гиров, Давор Драмиќанин; илустратор Здравко Гиров. 3. епизода, Токсичен шок!. - Скопје: Центар за истражување и информирање за животна средина „Еко-свест“, 2025 (Кочани: Европа 92). - 24 стр. : илустр. ; 21 см

ISBN 978-608-4820-25-3

1. Драмиќанин, Давор [автор]

а) Стрип -- Екологија – Македонија

COBISS.MK-ID 65707781

# ТИМ ЕКО

Еко свест




Издавач:
Центар за истражување и информирање за животната средина **„Еко-свест“** – Скопје

Адреса:
ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 30/1-6, 1000 Скопје, Република С. Македонија
Телефон: +389 2 3217 247; Факс: +389 2 3217 246
е-пошта: info@ekosvest.com.mk
www.ekosvest.com.mk

Сценарио и илустрации:
**Здравко Гиров**

Дизајн:
**Давор Драмиќанин**

Здружение за промовирање на стрип културата **„МАКСТРИПОВИ“**, Скопје

Сценариото и ликовите се креирани според оригинална замисла на „Еко-свест“.

Овој стрип е едукативен и посветен на темите на енергетска транзиција, одржлив развој и заштита на животната средина. Неговата цел е на разбирлив и креативен начин да ги доближи овие важни концепти до пошироката јавност. Приказните и ликовите се измислени и служат како симболична претстава на предизвиците и можностите во процесот на зелена трансформација.

Издавањето на оваа публикација е финансирано преку проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени“, спроведен од „Еко-свест“ и финансиран од Шведска. Изразените ставови и мислења се на авторот/авторите и издавачот и нужно не ги одразуваат позициите и ставовите на Еко-свест и на донаторот Шведска.

Шведска Sverige

Еко свест

МАКСТРИПОВИ
ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА СТРИП КУЛТУРАТА


ЛОКАЦИЈА: НЕПОЗНАТА
ПРЕД ПОВЕЌЕ ОД **200 ГОДИНИ**, НАШИТЕ ПРЕТХОДНИЦИ ЈА ОСНОВАА ОВАА **ОРГАНИЗАЦИЈА** ЗА ДА ГО ЗАЧУВААТ НИВНИОТ НАЧИН НА ЖИВОТ,
НО И ДА ГО ЗАДРЖАТ ПРИМАТОТ НА ВЛАДЕТЕЛИ НА СВЕТОТ НА ЛУЃЕТО.
ОТТОГАШ, НАШАТА ОРГАНИЗАЦИЈА УСПЕА ДА ГИ КОНТРОЛИРА И НАМЕТНЕ **ФОСИЛНИТЕ ГОРИВА** КАКО ЕДИНСТВЕН И НЕЗАМЕНЛИВ ИЗВОР НА ЕНЕРГИЈА, НАМЕНЕТ ЗА ГОЛЕМАТА МАШИНА НАРЕЧЕНА **ЧОВЕЧКА ЦИВИЛИЗАЦИЈА**.
СЕГА, ДВА ВЕКА ПОДОЦНА, СЕ СООЧУВАМЕ СО **НАЈСЕРИОЗНАТА ЗАКАНА!**
ТАА ДОАЃА ОД ГРУПА НА ЕКСЦЕНТРИЦИ, КОИ СЕ НАСТРВИЛЕ ДА ГО УНИШТАТ **РЕДОТ**, КОЈ НИЕ И НАШИТЕ ПРЕТХОДНИЦИ СО ВЕКОВИ СЕ ОБИДУВАМЕ ДА ГО ВОСПОСТАВИМЕ.
ЗГОРА НА СÈ, ДВАЈЦА НАШИ **ЧЛЕНОВИ** СЕ ОНЕСПОСОБЕНИ, ШТО ЗНАЧИ ДЕКА И НИВНИТЕ **ОПЕРАЦИИ СЕ ОТКРИЕНИ.**
ЗАТОА СЕГА МОРАМЕ ДА СЕ ПОТПРЕМЕ НА ПОМОШ ОД НАДВОРЕШЕН СОРАБОТНИК.
**ПРОФЕСИОНАЛЕЦ**, КОЈ ЌЕ ИМ ГИ ЗАМРСИ КОНЦИТЕ НА ОВИЕ **ЕКО-ФАНАТИЦИ!**


ДОБРЕ ДОЈДОВТЕ Г-НЕ Т. ИМАМЕ РАБОТА ЗА КОЈА НИ Е ПОТРЕБНА ВАШАТА ЕКСПЕРТИЗА.
ДЕТАЛИТЕ ВЕЌЕ ГИ ИМАТЕ ДОБИЕНО! ВРЕМЕ Е ДА СЕ ПОКАЖЕТЕ.
СЕ РАЗБИРА...
МОИТЕ УСЛУГИ НЕ СЕ ЕВТИНИ.
40 МИЛИОНИ, ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ.
ОДНАПРЕД! КАКО ШТО БАРАВТЕ.
ТОА СЕ ДОСТА ПАРИ. ШТО ДОБИВАМЕ ЗА ВОЗВРАТ?
ХАОС!


БАЗАТА НА ТИМОТ ЕКО!
ЛОКАЦИЈА: ОРБИТАТА НА ЗЕМЈАТА.
ВОСПОСТАВУВАМ КОНТАКТ СО ТИМОВИТЕ НА ТЕРЕН...
КОНТАКТ ВОСПОСТАВЕН!
ТИМ ЕДЕН СЕ ПРИЈАВУВА! ЛОКАЦИЈА: ИНДОНЕЗИЈА.
ДА ГО ПРИЈАВАМ И ТРЕТИОТ ТИМ, НИЕ СМЕ ВО САУДИСКА АРАБИЈА.
ТИМ ДВА ОВДЕ. ЛОКАЦИЈА: МАКЕДОНИЈА.
КОЈ Е ВАШИОТ СТАТУС, ГЕО-МЕН?


ПЛАНОТ УСПЕВА, ПРОФЕСОРЕ. **ВУЛКАНОТ** ЈА СОПИРА ЕРУПЦИЈАТА. ВИБРАЦИИТЕ ОД МОЕТО ОДЕЛО ПРАВАТ КОНТРА РЕЗОНАНЦА.
**ВИОРА** СЕ ОБИДУВА ДА ЈА ИЗЛАДИ ЛАВАТА, ЗА ДА НЕ СТИГНЕ ДО НАСЕЛЕНИЕТО. ИМАМЕ УШТЕ НЕКОЛКУ СААТИ РАБОТА ОВДЕ.
**ФЛУВИУС**, КАКО Е КАЈ ВАС?
ЧЕКАМЕ ДА ЗАВРШИ ОТВОРАЊЕТО НА НОВИОТ СПА-ЦЕНТАР ВО СТРУМИЦА. ЌЕ ВЕ ИЗВЕСТИМЕ ШТОМ ГО ПРОВЕРИМЕ ТЕРЕНОТ.
ПРИМЕНО.
ТИМ ТРИ, КОЈ Е ВАШИОТ СТАТУС, **СВИФТ?**
ШТОТУКУ ГИ ПРИВЕДУВАМЕ **БРАЌАТА БУРГИЈАШИ!**
И ЈАС И **СОЛАР**, СКОРО ВО ИСТО ВРЕМЕ ГИ ОНЕСПОСОБИВМЕ.


МИСИЈАТА Е ЗАВРШЕНА... СОЛ, ШТО ТИ Е?
МАЧНО МИ Е, **СВИФТ.**
**СОЛАР,** ТВОИТЕ НАНО-СОНДИ ЗАБЕЛЕЖУВААТ ОПСТРУКЦИЈА НА БЕЛИТЕ ДРОБОВИ И АБДОМЕНОТ. ТВОЈАТА СОСТОЈБА НАГЛО СЕ ВЛОШУВА.
НЕМА ГАЈЛЕ... ЌЕ МИ ПОМИ... **НГХ!**
СОЛАААР!?
СОЛ!?
ИНИЦИРАМ ИТЕН ТЕЛЕПОРТ ЗА 3...2...
...1
СОООЛ!?


ПОДОЦНА, ВО БАЗАТА.
ШТО МУ СЕ СЛУЧИ НА СОЛАР, ПРОФЕСОРЕ?
ПОТПОЛН КОЛАПС НА НЕГОВИТЕ ОРГАНИ, СВИФТ.
НИВОАТА НА $SO_2$ И $CO_2$ ВО НЕГОВАТА КРВ СЕ КАТАСТРОФАЛНИ.
НОВИОТ ФИЛТЕР ВО ОДЕЛОТО ТРЕБАШЕ ДА ГО ЗАШТИТИ ОД ВАКВИ ТОКСИНИ.
ХМММ. МНОГУ ЧУДНО. ПОДАТОЦИТЕ УКАЖУВААТ ДЕКА СОЛАР БИЛ ИЗЛОЖЕН ПОДОЛГ ПЕРИОД НА ОВИЕ ТОКСИНИ.
СО ОГЛЕД НА ТОА ДЕКА ОВА МУ Е ПРВА МИСИЈА ПО НЕГОВИОТ ОДМОР, ЛОГИЧНО Е ДА СЕ ЗАКЛУЧИ...
...ДЕКА СОЛАР БИЛ ИЗЛОЖЕН НА АГЕНСИТЕ ТОКМУ ТАМУ.
КАДЕ Е ТОА „ТАМУ“, ПРОФЕСОРЕ ЖАР?
НЕГОВИОТ РОДЕН ГРАД... **БИТОЛА**, МАКЕДОНИЈА.


НАШИОТ ОПЕРАТИВЕЦ ВЕЌЕ Е НА ТЕРЕН. САЈБЕР, КОЈ Е ТВОЈОТ СТАТУС.
РЕГИОНОТ Е ЕДЕН ЧЕКОР ПРЕД ЕКОЛОШКА КАТАСТРОФА, ПРОФЕСОРЕ.
ФОТО-ВОЛТАИЧНАТА ЕЛЕКТРАНА Е ОНЕСПОСОБЕНА.
ЕДВАЈ ПРОИЗВЕДУВА СТРУЈА ЗА ДВЕ СВЕТИЛКИ.
СПОРЕД ОТЧИТУВАЊАТА, ВЕТЕРНАТА ЕЛЕКТРАНА ВООПШТО И ДА НЕ ПРОИЗВЕДУВА ЕНЕРГИЈА.
НЕВОЗМОЖНО! СКЕНЕРОТ ПОКАЖУВА ВИСОК ПРОТОК НА ЕНЕРГИЈА ВО РЕГИОНОТ, САЈБЕР.
ВОЗМОЖНО, АКО ДВАТА БЛОКА НА ТЕРМОЕЛЕКТРАНАТА РАБОТАТ СО ПОЛНА ПАРЕА.
ТОА БИ ГИ ОБЈАСНИЛО ГОЛЕМИТЕ КОЛИЧЕСТВА НА ТОКСИНИТЕ ВО ВОЗДУХОТ.
СЕГА ОДАМ ДА ЈА ПРОВЕРАМ СОСТОЈБАТА НА ВЕТЕРНАТА ЕЛЕКТРАНА.
ЌЕ ВЕ БАРАМ ПАК, КОГА ЌЕ ИМАМ ПОВЕЌЕ ДЕТАЛИ.


КАКО ШТО ПРЕТПОСТАВИВ, **ЛАМПО**. ЗЕМЈОТРЕС ИЛИ СИЛЕН ВЕТЕР НЕ БИ МОЖЕЛЕ ДА НАПРАВАТ ВАКВА ШТЕТА.
СТОЛБОТ Е УРНАТ СО **ЕКСПЛОЗИВНА НАПРАВА**, А ЕЛИСИТЕ НА ВЕТЕРНИЦИТЕ СЕ ПРЕСЕЧЕНИ СО НЕКАКОВ **ЛАСЕРСКИ СНОП**.
* ПЛИП ПЛИП *
И ЈАС МИСЛАМ ТАКА, ЛАМПО. ИМАМЕ РАБОТА СО **ВЕШТ САБОТЕР**.
* ПЛИП ПЛУП *
ИМАМЕ ДРУШТВО?
СИГУРНО СЕ РАБОТНИЦИТЕ ОД ЕЛЕКТРАНАТА.
МОЖЕБИ ВИДЕЛЕ НЕШТО ШТО ЌЕ НИ ПОМОГНЕ ДА ЈА РАСВЕТЛИМЕ ОВАА МИСТЕРИЈА....
ГОСПОДА! ДОБРО Е ШТО СТЕ ТУКА...
...БАШ САК... АГХ!
ЕЈ, ПАЗИ КАДЕ ГО ФРЛ...
* ПЛУП ПЛУП *
ВО ПРАВО СИ, ДРУГАРЧЕ.
НЕ МИ ЛИЧИ ДЕКА ДОШЛЕ ДА НИ ПОМОГНАТ!


ГГРР ОРР РРРОО! АAXXX ГРРР... РРААГХТ!
НЕ РАЗБИРАМ. СЕ ОДНЕСУВААТ КАКО ДИВИ ЖИВОТНИ.
ЛАМПО... АКТИВИРАЈ МАНЕВРИ ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ.
МОРАМЕ ДА ГИ ОНЕСПОСОБИМЕ, БЕЗ ДА ГИ ПОВРЕДИМЕ.
СОЛЗАВЕЦОТ БИ ТРЕБАЛО ДА ЗАВРШИ РАБОТА.
САМО УШТЕ МАЛКУ ПОЛЕВО, ШРАФОГЛАВ!
* ПЛУ? *
АААAГХ!
ЗАААП!
ИМПРЕСИВНА ТЕХНОЛОГИЈА! СИГУРЕН БЕВ ДЕКА НЕМА ДА ГО ПРЕЖИВЕЕШ МОЈОТ ЕНЕРГЕТСКИ УДАР.
К... КОЈ?


МЕ ВИКААТ **ТОКСИК.**
ШТОМ МЕ ГЛЕДАШ ОВДЕ, НЕКОЈ НАВИСТИНА НЕ ВЕ САКА.
ДА ПРИЗНААМ, БЕШЕ ЛЕСНО ДА ГИ САБОТИРАМ **ЕКО-ЕЛЕКТРАНИТЕ**.
ЕКСПЛОЗИВ ВАМУ, ИСЕЧЕНИ ЕЛИСИ ОНАМУ. НЕ ПОМИНА ДОЛГО ПРЕД ДА ЈА РЕАКТИВИРААТ **ТЕРМОЕЛЕКТРАНАТА.**
ХЕ-ХЕ-ХЕ!
ШТО Е СМЕШНО?
ПОГЛЕДНИ ЗАД СЕБЕ.
АХ, МИСЛИШ НА НИВ? ПРЕКРАСНИ СЕ, НЕЛИ?
СВЕДЕНИ НА НИВНИТЕ ПРИМАЛНИ ИНСТИНКТИ, СО ПОМОШ НА ИЗОТОПИТЕ ВО НИВНИТЕ МЕТАБОЛИЗМИ.



ДА ТИ ПОЈАСНАМ, ШРАФОГЛАВ. ОВА НЕ СЕ ОБИЧНИ ЗОМБИЈА.
ОВА СЕ МОИ ЗОМБИЈА.
САМО ЕДЕН СИГНАЛ ОД МОЈОТ БЛАСТЕР И...
БЗЗЗТ!
ГЛЕДАШ КОЛКУ Е ЛЕСНО?
ПОСЛЕДНИВЕ ДВА МЕСЕЦИ, МОИТЕ ЗОМБИЈА НЕСВЕСНО ВНЕСУВАА ИЗОТОПИ ПРЕКУ ВОЗДУХОТ КОЈ ГО ДИШАТ.
ПАРНИТЕ КОТЛИ НА ТЕРМОЕЛЕКТРАНАТА ГОРАТ ЈАГЛЕН, ЗБОГАТЕН СО ОВИЕ ЧЕСТИЧКИ.
СИТЕ ОНИЕ КОИ ГО ДИШАТ ОВОЈ ПРЕКРАСЕН СМОГ...
...НАСКОРО ЌЕ БИДАТ ПОДЛОЖНИ НА МОЈАТА КОНТРОЛА.
ГЕНИЈАЛНО, НЕЛИ?
* ПЛИП *
СВРТИ СЕ, ГЕНИЈАЛЕЦУ! МОЈОТ ПАРТНЕР САКА ДА ТЕ ЗАПОЗНАЕ.
ТОКСИК, ЗАПОЗНАЈ СЕ...
...СО ЛАМПО!
ЛАМПО, ДРЖ` ГО!
ШТ...?
* ПЛУП *


ИМПРЕСИВНО...
НО, БЕСЦЕЛНО.
ПОБРЗ СУМ...
...ПОСИЛЕН...
...А ИМАМ И ДОВОЛНО ИГРАЧКИ...
БЗЗЗЗЗТ!
БЗЗЗ!
...ДА ГО ОНЕСПОСОБАМ ТВОЈОВ **РОБОТ.**
ПРЕТПО-СТАВУВАМ...
...ДЕКА ТРАНЗИСТОРОВ ЧУВСТВУВА БОЛКА.
ШТО МИСЛИШ...
...ТИ, ШРАФОГЛ...
АНГХ!


ВТОРА РУНДА, ТОКМАК!
НИЗОК УДАР, А? НЕМАМ ВРЕМЕ ЗА ТЕБЕ.
ГИ ОСТАВАМ МОИТЕ МАРИОНЕТИ ДА ТИ ПРАВАТ ДРУШТВО.
ГРР РРРООГХ! ГРРРААХХ... РРАГХ!
БИ ОСТАНАЛ И ПОДОЛГО, НО ЗНАЕШ КАКО Е ВО БИЗНИСОТ.
ВРЕМЕТО Е ПАРИ.
ПОЗДРАВ, ШРАФОГЛАВ!
НГХ!
СЕ НАДЕВАМ ДЕКА НЕКОЈ МЕ СЛУША ГОРЕ...
...БИДЕЈЌИ СЕРИОЗНО МИ ТРЕБА ПОМОШ.
ГКХ!
МОРАМ ДА ВНИМАВАМ ДА НЕ ГИ ПОВРЕДАМ ЦИВИЛИТЕ.
НЕМААТ КОНТРОЛА НАД СВОИТЕ ПОСТАПКИ.


МОМЦИ, НЕ МИ ДАВАТЕ БАШ НЕКОЈ ИЗБОР. НЕ САКАМ ДА ВЕ ПОВРЕДАМ.
ТИМ 4 БАРА ИТНА ИНТЕРВЕНЦИЈА.
БАЗА ДО САЈБЕР.
ЗАСИЛУВАЊЕТО ПРИСТИГНУВА!
ВУУУМП!!!
САЈБЕР, ТИ НЕДОСТИГАВ?
ДОЛГА ПРИКАЗНА ДРУГАРЧЕ. ИМАШ СРЕЌА...
АМА... ТИ? КАКО? ШТО ТИ СЕ СЛУЧИ, СОЛАР?


...ДЕКА ПРОФ. ЖАР ГО СЛЕДЕШЕ МОНОЛОГОТ НА ТОКСИК.
ТОА МУ ПОМОГНА ДА НАПРАВИ МОДИФИКАЦИИ НА МЕЧОТ НА АРИСА...
...СО КОЈ ГИ НЕУТРАЛИЗИРАШЕ ИЗОТОПИТЕ ВО МОЈОТ МЕТАБОЛИЗАМ И ГИ ИСЧИСТИВМЕ ТОКСИНИТЕ.
МИ ЈА ОБЈАСНИ СИТУАЦИЈАТА, БАШ КОГА ГО ДОБИВМЕ ТВОЈОТ ПОВИК ЗА ПОМОШ.
И ЕВЕ МЕ! ТИ ГО ДОЛЖАМ ЖИВОТОТ, САЈБЕР!


СЀ УШТЕ НЕ СМЕ НАДВОР ОД КАШАТА, СОЛ.
ЌЕ ПОМОГНАТ МОДИФИКАЦИИТЕ КОИ ГИ НАПРАВИВМЕ НА **МЕЧОТ НА АРИСА**...
...А НЕ Е НА ОДМЕТ И ДА ПОСЕДУВАШ САТЕЛИТ ВО ОРБИТАТА.
ГЛЕДАШ?
ИНСТАНТ ДЕТОКСИ-КАЦИЈА!
ПЛИП ПЛЕП
И МЕНЕ МИ Е МИЛО ШТО СИ ДОБРО, ДРУГАРЧЕ.
ТРЕБА ДА СЕ РЕГРУПИРАМЕ ВО БАЗАТА. ДОАЃАШ?
МАЛКУ ОДМОР НЕМА ДА ВИ Е НА ОДМЕТ, МОМЦИ.
МАЛКУ ФАЛЕШЕ ДА МЕ СОВЛАДАТЕ.
ШТО ПО ЃАВ...?
А?


РЕПОРТЕР:
ЛИДИЈА ЛИСТОВА
ПО ДВА МЕСЕЦА, ЖИТЕЛИТЕ НА БИТОЛА И ОКОЛИЈАТА, ПОВТОРНО ИМААТ ПРИСТАП ДО **ЕКО ЕНЕРГИЈА.** ОДЛУКАТА НА ВЛАСТА ДА ГИ ИЗГАСНЕ ДВАТА БЛОКА НА ТЕРМО-ЕЛЕКТРАНАТА, БЕШЕ ПОЗДРАВЕНА ОД ЛОКАЛНОТО НАСЕЛЕНИЕ.
ТЕРОРИЗАМ ИЛИ ИЗОЛИРАН НАПАД?
НОВ НАПАД НА ЦЕНТРАЛИТЕ, ОБИД ЗА САБОТАЖА
ВЕТЕРНАТА И ФОТОВОЛТАИЧНАТА ЦЕНТРАЛА СЕ ПОВТОРНО ВО ФУНКЦИЈА, БЛАГОДАРЕНИЕ НА **ЧЛЕНОВИТЕ НА ТИМОТ ЕКО**. СПОРЕД НАШИТЕ ИНФОРМАЦИИ, ИСТИТЕ БИЛЕ ПРЕДМЕТ НА САБОТАЖА, СЀ СО ЦЕЛ ДА СЕ ОСАКАТАТ НАПОРИТЕ ЗА **ЕКО-РЕНЕСАНСАТА** НА РЕГИОНОТ.
ОТКРИЕН Е САБОТЕРОТ
СЕ РАБОТИ НА ОТКРИВАЊЕ НА ИДЕНТИТЕТОТ НА ТОКСИК
САБОТЕРОТ, ПОЗНАТ ПО ПРЕКАРОТ **ТОКСИК**, Е ИДЕНТИФИКУВАН КАКО ГЛАВЕН ВИНОВНИК ЗА ОВИЕ ЗЛОСТОРСТВА . СЕ МОЛАТ ГРАЃАНИТЕ ДОКОЛКУ ИМААТ КАКВА БИЛО ИНФОРМАЦИЈА ПОВРЗАНА СО ОВОЈ ТЕРОРИСТ ДА ЈА ПРИЈАВАТ НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ.
НЕ СМЕ ЗАДОВОЛНИ ОД ИСХОДОТ НА ВАШАТА МИСИЈА Г-НЕ Т.
ДАДОВМЕ МНОГУ ПАРИ ЗА ДА СЕ ЕЛИМИНИРА ВЛИЈАНИЕТО НА **ТИМОТ ЕКО.**
ДОБРО СУМ ИЗЛЕГОЛ НА СЛИКИТЕ.







**КРАЈ ВО СЛЕДНАТА ЕПИЗОДА**

ДАЛИ ГИ ИМАТЕ ПРОЧИТАНО ПРЕТХОДНИТЕ АВАНТУРИ НА НАШИТЕ СУПЕРХЕРОИ ОД ТИМОТ ЕКО?

ПРВАТА ЕПИЗОДА, „ЈАГЛЕНОТ Е МИНАТО“, Е СТРИПОТ ВО КОЈ ГИ ЗАПОЗНАВМЕ ПРВИТЕ ТРИ ЧЛЕНОВИ НА ТИМОТ ЕКО, СОЛАР, ВИОРА И ГЕО-МЕН, КОИ ЈА ЗАПОЧНАА БОРБАТА ЗА ПОЧИСТА ПЛАНЕТА!







ВО ВТОРАТА ЕПИЗОДА, „СИЛАТА НА ВЕТЕРОТ“, ПОКАЖУВАМЕ КОНКРЕТНИ ПРИМЕНИ ЗА УПОТРЕБАТА НА ВЕТЕРОТ КАКО СРЕДСТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА.

ПРЕТХОДНИТЕ СТРИПОВИ МОЖЕ ДА ГИ ПРОЧИТАТЕ НА ПЕТ ЈАЗИЦИ, А МОЖЕ ДА ГИ НАЈДЕТЕ НА НАШАТА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА: EKOSVEST.COM.MK


ТИМ
ЕкО
ОЧЕКУВАЈТЕ МНОГУ НОВИ
СУПЕРЈУНАЦИ ВО СЛЕДНИТЕ ЕПИЗОДИ
НА СТРИПОТ „ТИМ ЕКО“